www.ni4os.eu

EUROPEAN OPEN SCIENCE CLOUD

# Европски облак за отворена наука - EOSC

НИ4ОС-Европа

Национални иницијативи за отворена наука во Европа

# ЕВРОПСКИ ОБЛАК ЗА ОТВОРЕНА НАУКА

Идејата за европскиот облак за отворена наука (European Open Science Cloud (EOSC)) се формираше во 2015 година, како визија на Европската комисија за голема инфраструктура за поддршка и развој на отворена наука и отворена иновација во Европа и пошироко.
EOSC се предвидува да стане реалност во 2020 година и да биде виртуелна околина во Европа за сите истражувачи да може да чуваат, управуваат, анализираат и повторно да користат податоци за истражувачки, иновативни и образовни цели.



Елементите за успех на системот за европскиот облак за отворена наука (EOSC) се: отворен, јавно финансиран и управуван, фокусиран кон истражување, сеопфатен, разновиден и дистрибуиран, интероперабилен, заснован на понуда на услуги и друштвен.
Според стратешкиот план за спроведување на EOSC, целта е: „да се изгради потребната доверба за широка примена меѓу голем број истражувачки заедници, па така од суштинско значење е развојот на EOSC да ги следи принципите што ќе го поттикнат неговото спроведување“.

# СТРУКТУРА НА УПРАВУВАЊЕ

## Одбор за управување со EOSC

Сите 28 земји-членки и 10 придружни земји имаат делегати назначени за:

- одобрување на списокот на членовите на Извршниот одбор;
- одлучување за стратешката ориентација на EOSC (врз основа на совети на Извршниот одбор) и одобрување на годишен план за работа;
- проценка на напредокот во спроведувањето на EOSC;
- обезбедување на  координација со релевантните иницијативи на земјите-членки / Комисии;
- дискутирање за нови активности за поддршка на EOSC, вклучувајќи ја и неговата долгорочна одржливост.

## Извршен одбор на EOSC

Составен од 8 претставници на пан-европски истражувачки е-инфраструктури и 3 индивидуални експерти, номинирани од Европската комисија (ЕК) одговорни за:

- Давање совети и поддршка за стратегијата, имплементацијата, следењето и известувањето за напредокот во спроведувањето на EOSC, како што е утврдено во работниот документ од планот за имплементација (SIP) за EOSC, особено во форма на:
  - стратешки план за имплементација, годишни работни планови и предлог механизам за надгледување и насочување на спроведувањето на стратешките и годишните работни планови, како  и за следење и известување за напредокот;
  - правила за учество во управувањето со испорака на услуги и акционен план за интероперабилност на научни податоци со цел да се операционализираат FAIR принципите.
- Давање препораки за соодветните механизми и можните форми за управување со EOSC по 2020 година, вклучувајќи деловни модели и начини на финансирање, и за тоа како корисничката база на EOSC може да се прошири во јавниот сектор и индустријата.

## Работни групи на EOSC

Официјален дел од структурата за управување со EOSC се 6 работни групи, кои ќе обезбедат пристап на заедницата до тековните предизвици на EOSC. Покрај тоа, формирани се работни задачи кои опфаќаат теми што во голема мерка се во согласност со работните групи на EOSC: анализа на тековната состојба, обуки, опслужување на услуги, дисеминација и вештини.

# ИДНИНАТА НА EOSC

## Асоцијација за управување со EOSC

Партнерството на EOSC ќе овозможи доверлива, виртуелна, федерирана средина во Европа за чување, споделување и повторно користење на податоците за истражување во повеќе земји и научни дисциплини. Тоа ќе ги обедини институционалните, националните и европските иницијативи и ќе ги вклучи сите релевантни засегнати страни во процесот на дизајнирање и поставување на европска база на податоци кои се користат за истражување каде што податоците може лесно да се пронајдат, достапни се, интероперабилни и повторно може да се употребат (FAIR). Овој европски придонес за „Веб на FAIR податоци и сродни сервиси за наука" ќе ги подобри можностите на истражувачите за наоѓање, споделување, повторно користење на публикации, податоци и софтвер, што доведува до нови сознанија и иновации, поголема продуктивност при истражување и подобрена обновливост во науката.




[Предлог за европско партнерство на EOSC (нацрт верзија), 28 мај 2020 година]

- Партнерството ќе работи преку EOSC асоцијацијата (AISBL) со седиште во Белгија, според принципите на децентрализација, транспарентност и отвореност.

- Основни задачи: координација и усогласување (SRIA), мониторинг и известување, технички водич за EOSC, обука за FAIR, комуникација.

- Основен извор на финансирање на Асоцијацијата ќе бидат членарини. Активностите што произлегуваат од SRIA ќе бидат финансирани преку заложби од страна на Европската комисија на европско ниво и од членовите на Асоцијацијата на национално и институционално ниво.

# РЕЧНИК НА ПОИМИ

## Портал на EOSC

Услуга на EOSC во форма на веб-портал што го олеснува пристапот и користењето на ресурсите на EOSC.

## Каталог и пазар како дел од EOSC порталот

Интегрирана платформа која овозможува лесен пристап до многу услуги и ресурси за различни домени на истражување, заедно со интегрирани алатки за анализа на податоци.

## Дефиниција на услуги во EOSC

Ресурс на EOSC имплементиран во системот на EOSC за да им обезбеди на корисниците на системот да ги користат содржините спремни за употреба. Услугите на EOSC се обезбедуваат од давателот на услуги на EOSC во согласност со правилата за учество за давателите на услуги. Услугите  на EOSC се одобрени од страна на Комитетот за управување со портфолио на услугите на EOSC и се дел од портфолиото на услугите на EOSC и каталогот на услуги на EOSC.

## Каталог на услуги во EOSC

Списокот на сите активни услуги во EOSC што можат да ги побараат корисниците на системот на EOSC. Претставува подмножество на портфолиото за услуги во EOSC и истиот е дел од Регистарот на услуги.

## Портфолио на услуги во EOSC

Интерна листа на услуги во EOSC, вклучително и оние кои се во подготовка, активни и прекинати. Изработката на оваа листа е контролирана од Комитетот за управување со портфолио на услугите во EOSC.

## Давател на услуги во EOSC

Менаџер на EOSC системот кој управува и испорачува услуги во  EOSC.

## Обезбедување на услуги од трети страни

Крајниот корисник на EOSC кој е подготвен да развие и управува со услуги, потпирајќи се на една или повеќе услуги во EOSC.

## Правила за учество во EOSC

Принципи дефинирани од одборот за управување на EOSC за да се започнат процесите со кои се дозволува актерите да ја играат улогата на корисник на системот EOSC (и каква било специјализација за тоа).

## Договор за поддршка

Документиран договор помеѓу давателот на услугите во EOSC и добавувачот на EOSC што ги специфицира компонентите за поддршка на услугите во EOSC кои треба да бидат обезбедени од добаувачот, заедно со целите на услугите.

NI4OS Europe

# РЕСУРСИ

- Официјални документи на Европската комисија и чекори кон создавање на EOSC: https://ec.europa.eu/research/openscience/index.cfm?pg=open-science-cloud
- Стратешки план за спроведување на EOSC: https://ec.europa.eu/info/publications/european-open-science-cloud-eosc-strategic-implementation-plan_en
- Портал на EOSC: https://eosc-portal.eu/
- Листа на факти, Отворена наука: https://ec.europa.eu/info/files/open-science_en
- Речник на поими на EOSC: https://www.eosc-portal.eu/glossary
- Декларација на EOSC: https://ec.europa.eu/research/openscience/pdf/eosc_declaration.pdf#view=fit&pagemode=none
- Листа на акции на EOSC: https://ec.europa.eu/research/openscience/pdf/eosc_declaration-action_list.pdf#view=fit&pagemode=none



www.ni4os.eu

НИ4ОС-Европа доби средства од програмата за истражување и иновации „Хоризонт 2020“ на Европската Унија според договорот за грант бр. 857645